**Овластување полномошници**

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието.

Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото www.dssmith.mk . Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма. Полномошното не се заверува на Нотар.

Полномошно мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот, и тоа:

> За акционерот - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на застапникот по закон на акционер правно лице,

> За полномошникот - целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште и ЕМБС на полномошник правно лице.

Акционерите се должни веднаш писмено да го известат Друштвото за секое дадено полномошно со доставување на копија од полномошното, во прилог на известувањето на следната маил адреса office.skopje@dssmith.com или по пошта на адреса:

,, ДС СМИТХ АД Скопје, ул.1632 бр.1,
Скопје – Гази Баба,
Република Северна Македонија
До Управниот одбор на Друштвото
со назнака „за Годишно собрание“

Како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање, акционерот, заради утврдување на личниот идентитет е должен заедно со известувањето да приложи и соодветна документација за идентификација, и тоа:

1. За акционер физичко лице се приложува копија од лична карта или пасош;
2. За акционер домашно правно лице се приложува, последна тековна состојба од Централниот регистар на Р. Северна Македонија во оригинал не постара од шеесет дена, а за акционер странско правно лице се приложува соодветен документ за регистрација на Друштвото, од државата каде што е основано, со превод од овластен судски преведувач

За полномошници на Собранието, можат да бидат назначени и лица кај кои постои конфликт на интерес согласно Законот за трговските друштва, под услов ако полномошниците:

- Претходно им обелодениле на акционерите со доставување на писмена информација до Управниот одбор или Надзорниот одбор на Друштвото дека кај нив има конфликт на интерес и
- Добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници, за секоја предложена точка за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието. Се гласа со ,,ЗА,, ,,ПРОТИВ,, ,,ВОЗДРЖАН,,

**Обврска на полномошниците за известување на Комисијата за хартии од вредност, кога добиле полномошна од повеќе акционери**

Во случај на давање на полномошно од страна на повеќе акционери на едно лице, полномошникот

е должен најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена пред одржувањето на Собранието, да достави Известување до Комисијата за хартии од вредност за намерата и причините за давањето на полномошната од повеќе акционери.
Известувањето до Комисијата за хартии од вредност, треба да се достави на адреса:

Комисија за хартии од вредност
ул.Македонија бр.25 Палата "Лазар
Поп Трајков”
Поштенски фах/P.O.B.859 1000
Скопје